ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ДЕКЕМВРИ* 2009

# ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ И СОСТОЈБАТА СО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО

Во месечниот извештај за декември 2009 г. за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството, ТМ сака да предупреди за следните случаи:

## Случај Државен пазарен инспекторат

Објавената аудио снимка на Јутјуб на која поранешниот директор на Државниот пазарен инспекторат наводно објаснува како врши притисок и рекет врз угостителски објект, како и реакцијата на Владата во врска со случајот, отвора неколку важни прашања.

Прво, бидејќи се работи за очигледни индиции за организиран криминал од страна на претставници на државата, фрапантен е недостатокот на интерес кај надлежните истражни органи за случајот да поведат постапка и да констатираат дали се работи за монтажа или за автентичен разговор, кој се наоѓа од другата страна на телефонската линија, кои угостителски објекти се предмет на рекетирање итн. Заради недостатокот од ваков службен интерес за поведување истрага, на сила земаат гласините во јавноста дека соговорникот на сменетиот директор на Државниот пазарен инспекторат со кого се договара рекетирањето, но кој и го снимал разговорот, е претставник на група телохранители на еден од највисоките државни функционери во РМ кои воспоставиле бизнис-интереси во бизнисот со ноќните клубови и дискотеки во Скопје и дека ставањето на снимката на Јутјуб е, всушност, нивна одмазда кон директорот на Државниот пазарен инспекторат кој не покажал ефикасност во затворањето на некои конкурентски дискотеки во градот.

---

* *Транспарентност - Македонија* (ТМ) објавува редовни месечни извештаи за борбата против корупцијата и состојбата со транспарентноста во македонското општество, во областа на работењето на државните органи и другите општествени и политички институции во РМ. Преку извештаите ТМ укажува и предупредува на неправилности и непочитување на процедурите и добрите практики во спроведувањето на јавните политики и трошењето на јавните пари. Намерата е актерите во македонската политика, како и граѓаните, овие забелешки да ги сфатат конструктивно, како еден континуиран и објективен механизам за следење на состојбите во РМ во областа на транспарентноста на општеството и борбата против криминалот и корупцијата. Месечните извештаи се финансирани од страна на ФИООМ (Фондација Институт отворено општество- Македонија).

Така би можела да се објасни и изјавата на екс-директорот дека „рекетарите треба да се бараат од другата страна на телефонската линија“, но и брзината со која и МВР и премиерот Груевски се потрудија целиот случај да се забошоти и сметот да се турне под тешкиот „тепих“ на МВР и Обвинителството за организиран криминал за селективно покривање на случаите од обласга на организиран криминал и корупција во државата.

Второ, одлуката на Владата по избивањето на скандалот во јавноста да го разреши директорот на Државниот пазарен инспекторат беше образложена лично од премиерот со изјавата дека разрешувањето е од политички и морални причини, а не заради тешките сомневања и обвинувања за корупција и организиран криминал во оваа важна државна институција. Дали со тоа лично премиерот ја превзема врз себе одговорноста за криминалниот контекст на аферата?

Трето, поради одбивањето за случајот да се поведе соодветна истрага, генерално се поставува прашањето *Дали владејачката гарнитура преку одделните инспекторати врши организиран притисок и на систематски начин зема рекет од македонските бизниси?* Ваквото прашање е доста фрекфентно во јавноста заради праксата државните инспекторати и другите државни институции кои можат да изрекуваат казни постојано да се присутни во фирмите, а бројот на казнетите компании по еден или друг, честопати неоснован и неправеден однос, сигурно го надминува бројот на неказнетите во бизнис-секторот во земјава. Доста често ваквите казни се покажуваат како неосновани и неправедни. Примерите се многубројни, но како илустративен ќе го спомнеме оној со Дирекцијата за спречување на перење на пари и финансирање тероризам. Таа изрекуваше казни на брокерските друштва со минимум 5.000 евра за правното лице и 1.000 евра за одговорното лица заради тоа што не ги пријавувале клиентите кои тргувале со хартии од вредност во Дирекцијата, иако тоа не е обврска на брокерските куќи бидејќи сите трансакции при тргувањето со хартии од вредност се одвиваат преку банкарски сметки, а банките се тие кои имаат обврска да доставуваат извештаи до Дирекцијата за спречување на перење пари и финансирање тероризам. Уште поилустративен е примерот со поразителното јавно сведочење на осумтемина младинци од Кочани, поддржано од сопственици на угостителски објекти од градот, дека рекетот на кој брутално биле изложени подолго време, станал неподнослив и дека полицијата свесно ја толерирала ваквата состојба во градот. Сето тоа кулминирало со нивно самоорганизирање, земање на правдата во свои раце и масовна физичка пресметка – што претставува класичен пораз на правната држава.

**ТМ ја повикува Владата на Република Македонија, кога веќе ја стимулира драконската казнена политика во државата, соодветно да ја зголеми контролата врз партизираните институции кои изрекуваат казни, со што ќе се намали рекетот и притисокот врз македонските фирми и врз**

**македонските граѓани. ТМ бара од премиерот Груевски јавно да се изјасни дали врз себе ја превзема одговорноста за криминалниот контекст и суспензијата на правната држава што произлегува од скандалот со аферата и смената на директорот на Државниот пазарен инспекторат и последиците од тој скандал?**

**НАТО и ЕУ низ призмата на Буџет за 2010 г.**

Во рамките на темелните принципи за транспарентност и отчетност во владеењето, ТМ сака да ја изрази својата загриженост од најавената политика на Владата на Република Македонија за 2010 г. од аспект на процесот за интегрирање во НАТО и ЕУ. Оваа загриженост произлегува врз основа на анализа на последната верзија на Буџетот на РМ за 2010 г., усвоена од Собранието кон крајот на декември 2009 г.

Со анализа на буџетот за 2010 г., генерална констатација е дека во 2010 г. Владата не планира да ги интензивира, туку да ги намали активностите кои водат кон интегрирање во ЕУ. Ова произлегува од фактот што кај клучните ресори во Владата кои се најодговорни за интеграцијата на РМ во ЕУ има намалување на буџетските средства. На пример, кај Секретаријатот за европски прашања намалувањето изнесува 28%, додека во Министерството за надворешни работи намалувањето е околу 6%.

Но уште поочигледна е намерата на Владата за ставање во втор план на процесот на интеграција во НАТО. Доколку се анализира буџетот на Министерството за одбрана за 2010 г. тогаш може слободно да се констатира дека Владата во 2010 г. се откажала од каква било активност за интензивирање на процесот за прием на РМ во НАТО. Владата се откажува од повеќето капитални расходи кои значат опремување и модернизација на АРМ и нејзино приближување кон стандардите на НАТО. Имено од буџетот за 2009 г. (вториот ребаланс) јасно се гледа дека во буџетот на Министерството за одбрана за 2010 г. се планирани вкупно 1,98 милијарди денари на име капитални расходи. Во усвоениот буџет од страна на Собранието капиталните расходи за 2010 г. на ова Министерство изнесуваат 787 милиони денари што е скратување за околу 60%.

**Мистеријата за велешката Топилница**

Кој е вистинскиот сопственик на велешката Топилница? Кои се неговите планови и дали овој капацитет повторно ќе проработи? Како сето тоа ќе се одрази на здравјето на велешани? Ова се прашањата кои веќе цел месец се поставуваат од граѓаните на Велес, но одговор нема. На истите прашања одговор не добива ни локалната власт на градот. Комплетен молк од сите надлежни институции, министри и државни функционери. Несфатливо е за проблемот што е од животно значење на Велес граѓаните да се држат во информативен мрак, лишени од нивното елементарно право да влијаат при

одлучувањето за својата иднина. Каде се министерските портпароли, што стана со транспарентноста на институциите и Законот за слободен пристап до информации?!

**ТМ ги повикува општина Велес и Министерството за животна средина веднаш да ги информираат граѓаните за тоа кој стои зад Топилницата и дали се планира нејзино рестартирање.**

**Партизирано донесување на закони**

Бројот на поднесени иницијативи за оценка на уставноста и законитоста на општите правни акти пред Уставниот суд на РМ последниве десет години е во постојан подем, а во 2009 г. е регистриран до сега најголем број оспорени предмети пред Судот – 280, од кои дури 190 се законски одредби. Бројот на укинати и поништени одлуки на Уставниот суд исто така е во нагорен тренд, а во 2009 г. е забележан рекорден број на интервентни одлуки на Судот – 65, од кои дури 40 се однесуваат на укинати или поништени законски одредби. Ако се знае дека ист број закони (40) се укинати/поништени и во 2008 г., може да се дојде до загрижувачкиот заклучок за исклучително нискиот стручен и номотехнички капацитет на предлагачите на закони во државава (министерствата, Владата и нејзините служби, Секретаријатот за законодавство), но и на носителот на овие законски прописи – Собранието на РМ, односно неговото мнозинство. Овие податоци, како и фактот дека станува тренд законите да се оспоруваат пред Уставниот суд непосредно или веднаш после нивното донесување, зборува за лоша и недоволна реализација на основното уставно начело – владеење на правото. Една од последиците на партизираноста на управата во Македонија е опаѓање на нејзината ефикасност, што секако доведува и до намалување на квалитетот на правните акти кои произлегуваат од овој сегмент на државната власт.

Одредени одлуки на Уставниот суд само ги потврдија укажувањата на стручната, па и пошироката јавноста за неуставноста на одредени законски решенија кога тие се наоѓаа уште во фаза на предлог, но Владата најчесто ставајќи ја пред себе како приоритетна цел партиската програма на ВМРО-ДПМНЕ, немаше слух за ниту една стручна критика и укажување. Затоа, се случи огромен прилив на нови иницијативи за оспорување на уставноста и законитоста на арогантно и брзоплето подготвените и донесени правни прописи кои завршија со укинувачки и поништувачки одлуки на Уставниот суд.

Во следниот период се очекува Уставниот суд да ги заврши започнатите постапки и да донесе соодветни одлуки по огромен број предмети кои не се завршени во 2009 г., како и по потполно нови иницијативи за оценка на уставноста и законитоста на правните акти кои најверојатно ќе следат со ненамален интензитет и во 2010 г. Од поголем интерес за јавноста се повторно експропријацијата, овој пат, на катните гаражи; понатаму, посебните права на

учесниците во мировните мисии; конфискацијата на земјиштето на кое е изградена дивоградба, со што се врши целосен упад во правото на приватна сопственост како темелна уставна вредност; одредени одредби од измените на Законот за работни односи со кои се скратуваат постојните права на работниците; Законот за радиодифузна дејност чии одредби беа злоупотребени од страна на јавниот сервис МРТВ итн.

Овие факти, како и јавно искажаната констатација на Претседателот на Уставниот суд за обиди за вршење политички притисоци врз Судот во текот на изминатата година, нема да имаат никаков ефект врз идното однесување на власта во правец на зајакнување на кадрите во администрацијата надлежни за подготовка на правните прописи. Власта не само што не најави никакви мерки за професионализација и департизација на администрацијата, туку напротив, Претседателот на Владата со изненадувачка дрскост и немање никаков слух за почитување на принципите на поделба на власта и владеење на правото како столбови на демократијата, изјави дека одлуките на Уставниот суд биле политички мотивирани, а судиите на оваа институција – партизирани. Со ваквата непромислена и политички штетна изјава, премиерот ѝ соопштува на македонската јавност дека ниту во иднина неговата Влада нема да се грижи за почитување на уставноста, законитоста и владеењето на правото во државата, како и тоа дека програмата на неговата партија и Влада ќе бидат ставени над принципите и одредбите на највисокиот правен акт во земјава – Уставот.

**После ваквиот непримерен политички инцидент, ТМ го повикува премиерот да даде поопсежно објаснување и толкување на својата изјава, како и на намерите за идно дејствување на Владата. Дали ваквиот став на премиерот значи дека во иднина ќе предложи измени на Уставот и евентуално укинување на Уставниот суд? Дали Владата, можеби, ќе предложи нов начин на избор на судиите на Уставниот суд што ќе биде „посоодветен“ за владејачката гарнитура? Или Владата со најразлични игри на зборови ќе се обиде да ги протурка истите законски решенија кои еднаш (или дури во повеќе наврати) биле укинувани или поништувани од Уставниот суд? Премиерот е должен да одговори и дали планира да преземе и какви мерки за „департизација“ на, според него, партизираните судии на Уставниот суд?**

**ДКСК**

**Прашање на годината 2009-та: Дали некој ја видел Државната комисија за спречување на корупцијата или барем чул нешто за неа?!**

Јануари 2010 **Транспарентност Македонија**

**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје Република Македонија**

**тел./факс: 02/ 31 21 100 www.transparentnost-mk.org.mk**